КОРПОРАТИВЕН МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
"Г.Р.Државин" - Свети Николе - Р.Македонија

# ЗБОРНИК
**на научни трудови**

## ЧЕТВРТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД»
(КУЛТУРА, СЛАВЈАНСТВО И ЕКОНОМИЈА)

СВЕТИ НИКОЛЕ, Р.МАКЕДОНИЈА - ТАМБОВ, РУСКА ФЕДЕРАЦИЈА
- 2013 -

**Организационен одбор:**
претседател: Јордан Ѓорчев - Р. Македонија
заменик претседател: Владислав М. Јурјев - Русија
член: Бранимир Чович - Босна и Херцеговина
член: Здравко Гаргаров - Бугарија
член: Душан Николовски - Р. Македонија
член: Нина Коваљ - Русија
член: Лариса Чович - Србија
член: Борче Серафимовски - Р. Македонија

**Уредувачки одбор:**
доц. д-р. Јордан Михајловски - Р. Македонија
проф.д-р Наталија Сафонова - Русија
проф.д-р Стојан Пржовски - Р. Македонија

**Технички секретар на конференцијата:** Сања Стојанова
**Компјутерска обработка и дизајн:** Бојан Спасев

Адреса на комисијата: ул.Маршал Тито 77, Свети Николе, Р.Македонија
Контакт телефон: 00389 (0)32 440 330

**Организациониот одбор им се заблагодарува на сите учесници за соработката!**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

082

МЕЃУНАРОДНА научна конференција (4 ; 2013 ; Свети Николе)
Меѓународен дијалог : исток-запад : (култура, славјанство и економија) : зборник на научни трудови / Четврта меѓународна научна конференција ; [уредувачки одбор Јордан Михајловски, Наталија Сафонова, Стојан Пржовски]. - Свети Николе : Меѓународен центар за славјанска просвета, 2013. - 724 стр. : илустр. ; 25 см

Текст на повеќе јазици. - Библиографија кон одделни трудови

ISBN 978-608-4689-04-1

а) Меѓународна научна конференција (4 ; 2013 ; Свети Николе)
COBISS.MK-ID 93694474

Напомена:
Организациониот одбор на Четвртата меѓународна научна конференција «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» не одговара за можните повреди на авторските права на научните трудови објавени во зборникот. Целосната одговорност за оригиналноста, автентичноста и лекторирањето на научните трудови објавени во зборникот е на самите автори на трудовите.

МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ

# ИСТОК - ЗАПАД

(КУЛТУРА, СЛАВЈАНСТВО И ЕКОНОМИЈА)

# Содржина

**ПОЛИТИКОЛОГИЈА, ИСТОРИЈА, ЛИНГВОКУЛТУРОЛОГИЈА**

ЯЗЫК ИНТЕРНЕТ ОБЩЕСТВА
И.С. Арсенова ....................21

НАРУШЕНИЕ ЛЕКСИЧЕСКОЙ СТАБИЛЬНОСТИ - ЯЗЫКОВАЯ ВЕХА ЭПОХИ
И.Л. Масленникова ....................25

РУСКИТЕ УЧЕНИ ЗА МАКЕДОНИЈА
Јордан Михајловски ....................29

ЯЗЫКОВОЙ КОД МОЛОДЕЖНОГО ДИСКУРСА
Милена Иванова Стойкова ....................33

ИНТЕРФЕРЕНЦИЈАТА НА КУЛТУРНИТЕ СЕМИОСФЕРИ ВО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ НИЗ ЛИКОТ-ЗНАК АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ
Ранко Младеноски ....................38

ГЕСТОВИТЕ ВО ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК
Надица Маркоска, Ева Велинова ....................43

НАЦИОНАЛНОТО, ЕВРОПЕЙСКОТО И ГЛОБАЛНОТО В ЕВРОПЕЙСКИЯ СЪЮЗ
Надя Маринова ....................47

МЕЖКУЛЬТУРНАЯ КОММУНИКАЦИЯ И ЭВРИСТИКА В ПРЕПОДАВАНИИ РКИ
Ж.А. Нуршаихова ....................50

ДЕФИНИРАЊЕ НА МУЛТИЛАТЕРАЛИЗМОТ
Горан Илиќ, Нина Несторовска ....................56

СИНХРОНИСКА И ДИЈАХРОНИСКА АНАЛИЗА НА ПРАВНИТЕ ТЕРМИНИ ВО ФРАНЦУСКИОТ И ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
Светлана Јакимовска ....................60

СТАЛИНГРАД И ПРЕСВРТОТ ВО СВЕТСКАТА ИСТОРИЈА
Петар Солаковски ....................65

О ЈЕДНОМ НЕПОЗНАТОМ ДЕЛУ НИКОЛЕ МАРТИНОСКОГ
Kamenko M. Markovic, Blagoje V. Nesic ....................68

МЕЃУЕТНИЧКИ КОНФЛИКТИ -ВЧЕРА ДЕНЕС И УТРЕ
Кети А.Несторовска ....................74

КУЛТУРНИОТ И ОПШТЕСТВЕНИОТ ЖИВОТ НА ЕВРЕИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ДО ДЕПОРТАЦИЈАТА НА 11 МАРТ 1943 ГОДИНА
Кире Филов ........................................................................77

СПЕЦИФИКИ НА КОМПЛЕКСНАТА ПОСТАПКА ЗА ОБРАБОТКА НА БУКВА
Ирена Китанова ........................................................................81

ВИЗИЈАТА НА КРСТЕ МИСИРКОВ ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК КАКО ЈАДРО НА СЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ
В.Ј. Лозановски, М.Р. Солунчевски ........................................................................86

УСТНАЯ РЕЧЬ РОССИЙСКОЙ ИНТЕЛЛИГЕНЦИИ: ТРАДИЦИИ И СОВРЕМЕННОСТ
Л.А. Баландина, Е.В. Ганина ........................................................................91

ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ЗАЧУВУВАЊЕ НА МИРОТ И ПРЕВЕНЦИЈА НА КОНФЛИКТИТЕ
Кенков Ванчо, Зенделовски Горан ........................................................................95

ВАРИЈАБИЛНОСТ НА ГОВОРОТ НА МЛАДИТЕ ВО ИТАЛИЈА
Весна Коцева, Марија Тодорова ........................................................................100

КУЛЬТУРА БОЛГАР В ПРИДНЕСТРОВЬЕ: ИСТОРИЯ И СОВРЕМЕННОСТЬ
Мария Стефанова Николова ........................................................................104

МИР В РУКАХ ПОЛИТИКОВ ИЛИ НАРОДОВ?
Д.Э. Пятахин ........................................................................108

УПОТРЕБАТА НА СОВРЕМЕНИОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК
Александра Пандилоска Танеска ........................................................................112

СТРАТЕШКИ ПЕРСПЕКТИВИ: РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА И НОВИОТ СВЕТСКИ ПОРЕДОК
Нина Несторовска, Горан Илиќ ........................................................................115

БЪЛГАРИЯ В ГЛОБАЛИЗИРАЩИЯ СЕ СВЯТ
Тодор Коджейков ........................................................................119

ПАНОРАМСКИ ПОГЛЕД ВРЗ ПОЕМАТА „ДЕНИЦИЈА“
Милена Ристова-Михајловска ........................................................................122

ПРОБЛЕМЪТ - ЮГОИЗТОЧНА ЕВРОПА
Здравко Гъргаров ........................................................................127

СОЦИОКУЛЬТУРНЫЙ АСПЕКТ КАК ВАЖНЫЙ ФАКТОР РАЗВИТИЯ ТЕРРИТОРИИ
А.А. Богдан, И.Ю. Никулина ........................................................................130

NEGATION IN LINGUISTICS: ITS PLACE AND IMPORTANCE
Marjana Vaneva ........................................................................135

ЈАЗИКОТ КАКО ОБЕЛЕЖЈЕ НА ФРАНЦУСКАТА КУЛТУРА ВО КНИЖЕВНОТО ТВОРЕШТВО НА МАРСЕЛ ПРУСТ
Ева Велинова, Надица Маркоска ........................................139

КОММУНИКАТИВНОЕ ЧЛЕНЕНИЕ ПРЕДЛОЖЕНИЯ-ВЫСКАЗЫВАНИЯ КАК УСЛОВИЕ ЭФФЕКТИВНОГО ВЕРБАЛЬНОГО ВЗАИМОДЕЙСТВИЯ В СОВРЕМЕННОМ ОБЩЕСТВЕ
С.Г. Виноградова ........................................143

ЯЗЫКОВАЯ СТРАТЕГИЯ САЙТА: КУЛЬТУРА ПРЕЗЕНТАЦИИ
Л.В. Екшембеева ........................................146

РУССКАЯ МОДЕЛЬ ЕВРОПЕЙСКОГО ГРАФИЧЕСКОГО РОМАНА
Ирина Антанасиевич ........................................150

РАЗВОЈ НА МЕЃУКУЛТУРНАТА КОМУНИКАЦИЈА КАКО НАУКА
Ј.Јованов, К. Голаков, Д. Маролова ........................................158

ИТАЛИЈАНСКАТА КНИЖЕВНОСТ НА МИГРАЦИЈА КАКО МОДЕЛ ЗА МЕЃУКУЛТУРНО УЧЕЊЕ
Ј.Караникиќ ........................................161

РЕФЛЕКСИВНО-ДИАЛОГИЧЕСКОЕ ВЗАИМОДЕЙСТВИЕ В ПЕРЕГОВОРАХ КАК ОСНОВА УСПЕШНОЙ МЕЖКУЛЬТУРНОЙ КОММУНИКАЦИИ
М.В. Коваль, И. В. Сахно ........................................165

ИСТОРИКО-ПОЛИТИЧЕСКИЕ ЯВЛЕНИЯ В ОТРАЖЕНИИ ПРАВА: СУДЕБНЫЙ ПРЕЦЕДЕНТ («СЛУЧАЙ СОЕДИНЕННОГО КОРОЛЕВСТВА»)
Лобкова М.В. ........................................170

РУССКИЕ ПАРЕМИИ КАК АДАПТИРУЮЩАЯСЯ СИСТЕМА ЯЗЫКОВЫХ ЗНАКОВ
Л.Б. Савенкова ........................................173

ТОПОНИМИКА КАК ТУРИСТИЧЕСКИЙ ФАКТОР (ЛИНГВОКУЛЬТУРНЫЙ АНАЛИЗ ТОПОНИМА «КУМАНОВО»)
Юлия Атанасовска ........................................177

ПРОБЛЕМА ЯЗЫКА ЛИТЕРАТУРЫ В ТВОРЧЕСТВЕ АЛЬФРЕДА ДЕБЛИНА
О. А. Дронова ........................................182

ЦЕРКОВНОСЛАВЯНСКИЙ ЯЗЫК: РЕФОРМИРОВАТЬ ИЛИ ИЗУЧАТЬ?
Л.В. Табаченко ........................................185

АКСИОЛОГИЧЕСКИЙ РАЗРЫВ КАК ОСНОВА КОНФЛИКТА ПОКОЛЕНИЙ В СОВРЕМЕННОМ МИРЕ
Ю.Д. Тацитова ........................................189

МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ И МНОГУЈАЗИЧНОСТ КАКО ДЕЛ ОД ЕВРОПСКАТА ЈАЗИЧНА ПОЛИТИКА
Марија Тодорова, Весна Коцева ........................................192

ПРЕЦЕДЕНТНОСТЬ И ИСТОРИЯ
Н. П. Чернева ....................196

РОЛЬ НАРОДНОГО ХУДОЖЕСТВЕННОГО ТВОРЧЕСТВА В ПОЗИЦИОНИРОВАНИИ РЕГИОНА
С.А. Харитонова, Л.П. Савельева ....................201

БИБЛЕИЗМЫ ГЛАЗАМИ ПЕРЕВОДЧИКА
П.А. Димитрова ....................206

РОЛЬ АНТИЦИПИРУЮЩЕЙ МОТИВАЦИИ В ПРОФЕССИОНАЛЬНОЙ ДЕЯТЕЛЬНОСТИ РУКОВОДИТЕЛЕЙ СРЕДНЕГО ЗВЕНА В ОБЛАСТИ ИНФОРМАЦИОННЫХ ТЕХНОЛОГИЙ
И.Н . Шурыгин ....................211

ОБРАЗОВАТЕЛЬНОЕ ФОРМИРОВАНИЕ РЕЛИГИОЗНОГО МИРОВОЗЗРЕНИЯ
Светла Шапкалова ....................216

КУЛТУРАТА И ПРОСВЕТАТА ВО ШТИП ВО ВРЕМЕ НА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ
Верица Јосимовска, Оливер Цацков ....................221

ЛИНГВИСТИЧЕСКИЙ ДИСКУРС В ИДИОЛЕКТЕ А.П. ЧЕХОВА
Н.В.Изотова....................224

ТРАГЕДИЯ КАЗАЧЕСТВА В «ДОНСКИХ РАССКАЗАХ» М.А. ШОЛОХОВА И В СБОРНИКЕ «СТЕПЬ» П.Н. КРАСНОВА
К.О. Кузнецова....................228

МОДЕРНИЗЪМ, ПОСТМОДЕРНИЗЪМ И ХИПЕРМОДЕРНИЗЪМ
Анна Янева ....................231

**ПСИХОЛОГИЈА И ПЕДАГОГИЈА**

НАРОДНАТА ТРАДИЦИЈА ВО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА
Ј.Денкова ....................241

ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО РЕСУРС ВО РАЗВОЈОТ НА ОПШТЕСТВОТО
Ѓорѓи Илиевски ....................245

ОСНОВНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА КОМПАТИБИЛНОСТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЕВРОПСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Светлана Пандилоска Грнчаровска, Гордана Станковска, Фадби Османи ....................254

ДЕТСТВОТО КАКО ОБЈЕКТ ВО ПСИХОЛОГИЈАТА
Мартин Ѓорѓиев, Катерина Дојчинова ....................257

ПСИХОЛОШКИТЕ, ФИЛОСОФСКИТЕ И ЕТИЧКИТЕ АСПЕКТИ НА ЈОГАТА ЗА САМОРЕАЛИЗАЦИЈА НА ЛИЧНОСТА
Стојан Пржовски, Психолог Нада Пржовска ....................261

КОНЦЕПТОТ НА СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Марјан Младеновски ....................................................................................................266

ПОЈАМ СПРЕМНОСТИ ЗА ОБУЧАВАЊЕ И УБРЗАНИ РАЗВОЈ
Благоје Нешић, Каменко Марковић ...........................................................................270

УЧЕНИЦИ СО НАРУШУВАЊЕ НА ВНИМАНИЕТО ПРОСОЛЕДЕНО СО ХИПЕРАКТИВНОСТ (ADHD)
Анита Ристеска ................................................................................................................282

КРОССКУЛЬТУРНЫЕ ИССЛЕДОВАНИЯ: МЕЖКУЛЬТУРНАЯ  И ВНУТРИКУЛЬТУРНАЯ КОММУНИКАЦИЯ
Т.А. Бугренкова ................................................................................................................288

ПРИМЕНА НА ИКТ ВО НАСТАВАТА
С. Георгиевска, Ф. Денкова-Зафировска ...................................................................293

МЕТОДИ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ЕМОЦИОНАЛНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВО ВИСОКО ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ
Марија Котевска Димовска, Николче Д. Талевски, Спиро Мавровски..............................301

КОНФЛИКТИТЕ ВО ПОРАНЕШНА СФРЈ НА КРАЈОТ НА 20 - ТИ И ПОЧЕТОКОТ НА 21 ВЕК
Г.Елена ..............................................................................................................................305

ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИ
Ф. Денкова-Зафировска, С. Георгиевска ...................................................................310

МОРАЛНОТО ВОСПИТАНИЕ НИЗ ПРИЗМА НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ОСНОВНОТО ДЕВЕТГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ
Ѓ. Т. Ќимова .......................................................................................................................318

ПСИХОЛОГИЈА НА ЗАЕДНИЦАТА-ПСИХОЛОГОТ: ПИОНЕР И ПРОФЕСИОНАЛЕЦ
И.П.Трајков .......................................................................................................................323

ПРАГМАТИЧЕСКИЙ КОНТЕКСТ В ОЦЕНКЕ ОБЩЕСТВЕННО-ПОЛИТИЧЕСКИХ ИНСТИТУТОВ РОССИЙСКОЙ МОЛОДЕЖЬЮ
О. И. Коврикова, С.В. Кулаков ....................................................................................329

СОВРЕМЕН ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - МОЖНОСТИ И ПОТРЕБА ОД ПРОМЕНИ ЗА КВАЛИТЕТНО МЕНАЏИРАЊЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО
Мимоза Давчева , Радмила Манчевска, Снежана Андреева .....................................334

“ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ПРЕВЕНЦИЈА НА СЕКСУАЛНАТА ЗЛОУПОТРЕБА КАЈ ДЕЦАТА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“
Арсе Петрески ..................................................................................................................341

СОЦИЈАЛНАТА СТИГМА И УЛОГАТА НА СОЦИЈАЛНАТА ПОДДРШКА ВО НАДМИНУВАЊЕ НА ХРОНИЧНИТЕ БОЛЕСТИ
Ф. Ристовска, , Е. Стоименова-Цаневска, М. Симоновска, ......................................344

ПСИХОЛОШКО СОВЕТУВАЊЕ-МОДЕЛ НА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА СОВЕТУВАЊЕТО ЗА ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ
В.С.Трајкова ........ 348

ТИПОЛОГИЧЕСКИЕ ХАРАКТЕРИСТИКИ ЛИЧНОСТИ КОМАНДИРОВ ПОДРАЗДЕЛЕНИЙ В ПРОЦЕССЕ ПРИНЯТИЯ УПРАВЛЕНЧЕСКИХ РЕШЕНИЙ В СТРЕССОГЕННЫХ СИТУАЦИЯХ
Ахтямов В. С. ........ 353

ПОДГОТВЕНОСТ ЗА ТРАНСВЕРНИ ПРОМЕНИ-
МЕТОДОЛОШКИ НАЦРТИ НА ИСПИТУВАЊАТА
Б. Нешић, В.Трајкова ........ 356

ПСИХОЛОГИЧЕСКИЕ ОСОБЕННОСТИ ФОРМИРОВАНИЯ
АДЕКВАТНОЙ САМООЦЕНКИ СЛАБОУСПЕВАЮЩИХ МЛАДШИХ ШКОЛЬНИКОВ
Т. И. Жданова, И.А. Шурыгина ........ 362

ОСОБЕННОСТИ ПРОЯВЛЕНИЯ СУБЪЕКТНОЙ АКТИВНОСТИ МЛАДШИХ ШКОЛЬНИКОВ В УЧЕБНОЙ ДЕЯТЕЛЬНОСТИ
И. А. Шурыгина ........ 365

АКТИВИЗМОТ И КОНФОРМИЗМОТ НА ЛИЧНОСТА ВО ЗАЕДНИЦАТА
Ѓ. Пулевски, Л. Стојковиќ Трајкоска ........ 371

ПОИМИТЕ НА ТРАНСФЕР, КОНТРАТРАНСФЕР И ПРОЕКТИВНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА ВО ПСИХОТЕРАПИСКИОТ ПРОЦЕС
Е. Стоименова - Цаневска, Ф. Ристовска, М. Симоновска ........ 375

МЛАДИТЕ ВО ФЕЈСБУК КОМУНИКАЦИЈАТА
Сузана Џамтоска-Здравковска ........ 380

СОВРЕМЕН ОБРАЗОВНО-СОЦИЈАЛЕН ПРИСТАП НА ДЕЦА
СО WILLIAMS SYNDROME НИЗ МУЗИКОТЕРАПИЈА
М-р Томислав Таневски ........ 384

ВЛИЈАНИЕ НА АФЕКТИВНАТА ВРСКА ВРЗ РАНИОТ И КАСНИОТ РАЗВОЈ НА ДЕТЕТО
Станковска Гордана, Грнчаровска П. Светлана, Руси Муќереме ........ 389

ПСИХОЛОШКИ ПОГЛЕДИ КОН РЕЛИГИЈАТА СО АКЦЕНТ НА ПСИХОЛАНАЛИТИЧКАТА ПЕРЦЕПЦИЈА
В.П. Гаврилова ........ 394

ИНВЕКТИВНАЯ ЛЕКСИКА: МЕЖДИСЦИПЛИНАРНЫЙ АСПЕКТ
Р.С.Черкасова (Апенок), Б.И.Тенюшев ........ 398

УПРАВЛЕНЧЕСКАЯ КОМПЕТЕНТНОСТЬ КАК ОСНОВА ПРИНЯТИЯ ЭФФЕКТИВНЫХ РЕШЕНИЙ В ОРГАНИЗАЦИИ
Д.А. Барченков ........ 401

ПРОФЕССИОНАЛЬНО ОРИЕНТИРОВАННОЕ ОБУЧЕНИЕ ИНОСТРАННОМУ ЯЗЫКУ БАКАЛАВРОВ ПСИХОЛОГО-ПЕДАГОГИЧЕСКОГО ОБРАЗОВАНИЯ (БИЛИНГВАЛЬНЫЙ БИКУЛЬТУРНЫЙ АСПЕКТ)
И.Е.Брыксина ....................404

НРАВСТВЕННОСТЬ КАК КАТЕГОРИЯ ЭКЗИСТЕНЦИАЛЬНОЙ ТЕМПОРОЛОГИИ
С.В. Гузенина, И.А. Фёдоров, О.А. Запорожченко ....................408

ОСОБЕННОСТИ ПСИХОЛОГО-АКМЕОЛОГИЧЕСКОЙ ПОДГОТОВКИ СОВРЕМЕННЫХ ПЕДАГОГОВ В УСЛОВИЯХ СРЕДНЕГО ПРОФЕССИОНАЛЬНОГО ОБРАЗОВАНИЯ
Т.Н. Ефимова ....................411

ОБЩЕСТВЕННОЕ МНЕНИЕ, КАК ЯВЛЕНИЕ ДУХОВНОЙ ЖИЗНИ ОБЩЕСТВА
А. В. Золотухин ....................415

ОСНОВНЫЕ ПАРАДИГМЫ РАЗВИТИЯ ЛИЧНОСТИ ПРОФЕССИОНАЛА В СОВРЕМЕННОЙ ПСИХОЛОГИИ
Е. Калинина ....................418

АДДИТИВНЫЙ МЕХАНИЗМ БЕСКРИЗИСНОГО РАЗВИТИЯ ВНУТРИГРУППОВЫХ ОТНОШЕНИЙ
Н.А. Коваль, А.В. Кидинов ....................422

СОЦИАЛЬНО-ПСИХОЛОГИЧЕСКАЯ ОБУСЛОВЛЕННОСТЬ РИСКА КАК ФЕНОМЕНА
С.А. Масалов ....................426

WEBQUEST – AN EFFECTIVE ONLINE TOOL FOR LANGUAGE LEARNING AND DEVELOPMENT
N. Daskalovska ....................430

ПСИХОЛОГИЧЕСКИЙ АНАЛИЗ СУБЪЕКТИВНОГО ПРЕДСТАВЛЕНИЯ МОЛОДЕЖИ О ТРУДНЫХ ЖИЗНЕННЫХ СИТУАЦИЯХ
С.В. Лысенко, О.В. Нефедова ....................435

НРАВСТВЕННАЯ КУЛЬТУРА КАК МЕХАНИЗМ ДУХОВНОГО РОСТА СТУДЕНТОВ ПЕДВУЗА
Н.Б. Трофимова ....................439

МОТИВАЦИЈАТА И НАЈВИСОКО НИВО НА ДОСТИГНУВАЊЕ КАЈ ВОЗРАСНИТЕ ВО УСЛОВИ НА СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ
Трумпеска Снежана ....................443

ИНДИВИДУАЛЬНО-ТИПОЛОГИЧЕСКИЕ РАЗЛИЧИЯ ВО ВЛИЯНИИ РОДИТЕЛЬСКИХ ДИРЕКТИВ НА УСПЕШНОСТЬ СОЦИАЛЬНОГО ВЗАИМОДЕЙСТВИЯ СТУДЕНТОВ
Черкасова Р.С. (Апенок) ....................449

ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА БОЛОЊСКИОТ ПРОЦЕС НА КРСТОПАТ
Никола Петров ....................452

ЕВАЛУАЦИЈА НА НАСТАВНИОТ КАДАР КАКО ЕДЕН ОД НАЧИНИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Даниела Велкова ....................457

УСОГЛАСУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНИТЕ ПОЛИТИКИ СО ПОТРЕБИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ КАКО ПРЕДИЗВИК ЗА СОВРЕМЕНОТО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ
Гордана Тасевска, Тони Соклевски ....................462

ПРОСЕЧНО ОЧЕКУВАНО ТРАЕЊЕ НА ЖИВОТОТ ВО Р. МАКЕДОНИЈА И ЗЕМЈИ НА ЕУ
Т. Мицески ....................466

"PLAY THERAPY" – КАКО СИНОНИМ ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПРОБЛЕМИТЕ ВО ДЕТСКАТА КЛИНИЧКА ПСИХОЛОГИЈА
Д.Белевска, М.Л.Ристеска ....................472

УЛОГАТА НА ПСИХОЕДУКАТИВНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ ВО ПОДРШКАТА И УСПЕШНОСТА НА ИНВИТРО ФЕРТИЛИЗАЦИЈАТА
Јана Белевска ....................476

ЖЕШКИ ТОЧКИ НА ПЛАНЕТАТА И ПАТИШТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ ,А КОНФЛИКТИТЕ
Ванѓа Н.Радевска ....................481

ПСИХОЛОГИЈА НА РЕЛИГИОЗНИТЕ ГРУПИ
Ванѓа Н.Радевска ....................485

SOME FACTORS OF VALUE ORIENTATIONS OF STUDENTS FROM KRAGUJEVAC AND KOSOVSKA MITROVICA
O. Radovićm M. Krstić, D. Stanojević ....................487

КОМПЕТЕНЦИИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ ПСИХОЛОГ
Игор Михајловски ....................490

ТРЕТМАНОТ НА НАДАРЕНИТЕ ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА И РАНОУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ ВО САД И РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА
Владимир Михајловски ....................493

ПРИМЕНА НА ТЕОРИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ИДЕНТИТЕТОТ ВО СОЦИЈАЛНАТА ИНТЕРАКЦИЈА
Катица Стоименовска ....................496

**ЕКОНОМИЈА**

THE APPLICATION OF THE GRI GUIDELINES IN THE PUBLIC SECTOR
Daniel Blab, Maja Stojanovic ....................505

СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПРОЦЕСИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ КОН ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Стојан Дукоски ....................510

МЕНАЏИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО УСЛОВИ НА ЕКОНОМСКА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА И ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ИНГЕРЕНЦИИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНО НА ЛОКАЛНО НИВО
Катерина Дукоска ....................515

КРЕИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ФИРМА
Душан Николовски ....................521

СТРАТЕГИСКОТО ЛИДЕРСТВО КАКО РЕЛЕВАНТНА КОМПОНЕНТА НА СОВРЕМЕНИОТ ПРЕТПРИЕМНИЧКИ МЕНАЏМЕНТ
А.П. Гаврилова ....................527

IMPACT OF GLOBALIZATION ON THE NATIONAL ECONOMY THROUGH THE PRISM OF LOGISTICS OPERATORS
Ljupco Sotiroski, Borka Tushevska ....................532

МАРКЕНТИШКА ЕТИКА
И.М.Станковић....................537

ГРАНИЦИ НА СТОПАНСКИЯ РИСК И МЕТОДИ ЗА НЕГОВАТА ОЦЕНКА
Лидия Коцева ....................541

УПРАВУВАЊЕ СО ДИМЕНЗИИТЕ НА ОДРЖЛИВОСТА КАКО ДЕТЕРМИНАНТИ НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ
М.М.Матлиевска, С.А. Џамтоска-Здравковска ....................544

ОТСУСТВОТО НА ГЛОБАЛНА ВАЛУТА ПРИДОНЕСЕ ЗА ПОЈАВА НА КРИЗАТА И ГО СОПИРА ПРОЦЕСОТ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА
Крсте Шајноски, Влатко Пачешкоски ....................550

МЕНАЏИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПОСЛЕ СВЕТСКАТА ЕКОНОМСКА КРИЗА
Sejdi Xhemaili ....................554

ИКОНОМИЧЕСКА ПОЛИТИКА И ЕКОЛОГИЯ
Орлин Алексиев ....................559

МЕЂУНАРОДНИ СТАНДАРДИ ФИНАНСИЈСКОГ ИЗВЕШТАВАЊА: МОГУЋНОСТИ ПРИМЕНЕ
Слободан Ђ. Анђелковић, Данијела М. Ивков, Милорад Н. Перовић ....................562

РАЧУНОВОДСТВО У ФУНКЦИЈИ ИЗРАДЕ ФИНАНСИЈКИХ ИЗВЕШТАЈА
Danijela M. Ivkov....................565

ЗАДОЛЖЕНОСТА И НЕЛИКВИДНОСТА – НАЈГОРЛИВ ПРОБЛЕМ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ
Јанка Димитрова, Оливера Ѓорѓиева Трајковска, Александар Костадиновски ....................568

УЛОГАТА НА ИНФОРМАЦИЈАТА ВО СТРАТЕГИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ ПРОЦЕС ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА
М.Р. Солунчевски, Л. Стефановска ..........574

DOPRINOS DIREKTNE STRANE INVESTICIJE ODRŽIVOM RAZVOJU TVORNICE CEMENTA KAKANJ
Muhamed Softić, Nisveta Softić ..........578

РАЗВОЈ НА ГЛОБАЛНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ПРЕКУ ИНВЕСТИЦИИ ВО МЛАДИТЕ
Шекеринка Ивановска ..........582

MANAGEMENT – PROCESS TO QUALITY EDUCATION
Sladjana T Stamenkova ..........588

ПРОБЛЕМИ НА СЕЗОННО НАЕТИТЕ В ХОТЕЛИЕРСТВОТО
Д. Янева ..........591

ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ЗА СЕКТОРОТ НА МСП ВО МЕЃУНАРОДНИ РАМКИ
Ј.Д. Босилкова ..........594

ИНВЕСТИЦИОННИЯТ ПРОЦЕС В МАЛКИЯ И СРЕДНИЯ БИЗНЕС В БЪЛГАРИЯ В ПЕРИОД НА КРИЗА
Зинаида Стоилова..........597

СИСТЕМОТ НА МЕЃУНАРОДНИ ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ И ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ ВО ЕРА НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА
Крсте Шајноски, Влатко Пачешкоски ..........606

НЕКОИ АСПЕКТИ И ДИЛЕМИ КАЈ ОДАНОЧУВАЊЕТО НА УДЕЛИ ИЗДАДЕНИ ОД ИНВЕСТИЦКИТЕ ФОНДОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
К. Мишева, М. Андонов ..........609

МАРКЕТИНГ-КОНЦЕПЦИИ ДЛЯ РЕШЕНИЯ КРИЗИСОВ
Пивовар Евгения ..........614

ЕДИНСТВЕН ПАЗАР ЗА ЕВРОПСКИ ИДЕНТИТЕТ
Томе Неновски ..........618

STRENGTHENING INSTITUTIONAL ARCHITECTURE TO SUPPORT THE SMALL-MEDIUM ENTERPRISES TO MAKE MACEDONIAN ECONOMY MORE COMPETITIVE IN GLOBAL CHALLENGES
Riste Temjanovski, Vesna Georgieva Svrtinov ..........623

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ НА ПОНУДАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО, КАКО ОСНОВЕН ФАКТОР ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАЗАРНОТО УЧЕСТВО НА ГЛОБАЛНИОТ ПАЗАР
Т.Мицески, С.Пасовска ..........628

СОСТОЯНИЕ И ВОЗМОЖНОСТИ РАЗВИТИЯ СЕЛЬСКОГО ХОЗЯЙСТВА В РОССИИ
А.А. Бурмистрова, Н.К. Родионова, И.С. Кондрашова ....................633

ПРОМЫШЛЕННАЯ ПОЛИТИКА СОВРЕМЕННОЙ РОССИИ: ПРОБЛЕМЫ И ПРИНЦИПЫ РАЗВИТИЯ
Коломейцева Марина Александровна ....................637

РАЗВИТИЕ НАЦИОНАЛЬНОЙ ПЛАТЕЖНОЙ СИСТЕМЫ РОССИИ В УСЛОВИЯХ ГЛОБАЛИЗАЦИИ ФИНАНАНСОВЫХ РЫНКОВ
Н.В. Коротаева, Е.В. Зобова, О.Н. Чернышова ....................646

КРАТКАЯ ХАРАКТЕРИСТИКА  ТЕКУЩЕГО СОСТОЯНИЯ И ПЕРСПЕКТИВ РАЗВИТИЯ ПЕНСИОННОЙ СИСТЕМЫ РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ
Ю.Ю. Косенкова, И.Н. Махонина, Е.Ю. Меркулова, Н.М. Турбина ....................650

РЫНОК ОБРАЗОВАТЕЛЬНЫХ УСЛУГ – КАК СОЦИАЛЬНО-ЭКОНОМИЧЕСКАЯ СИСТЕМА
О.И. Ланина, О.Н. Бочарова, С.А. Потокина ....................654

ПРОБЛЕМА ПРОФЕССИОНАЛЬНОГО ВЫБОРА В УСЛОВИЯХ РЫНКА ОБРАЗОВАТЕЛЬНЫХ УСЛУ
Е.В.Лисова ....................660

ВЛИЈАНИЕТО НА ФИНАНСИСКАТА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА ВРЗ ЕКОНОМСКИОТ РАСТ
В. Маџова, Љ. Давчев ....................665

УЛОГАТА НА МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА ВО ВРЕМЕ НА ЕКОНОМСКА КРИЗА
Виолета Маџова, Љупчо Давчев ....................669

ЭКОНОМИКА РОССИИ В ПРОЦЕССЕ ГЛОБАЛИЗАЦИИ
Н. А. Попова ....................673

МОНИТОРИНГЪТ НА МАРКЕТИНГА – ИЗТОЧНИК НА ОБЕКТИВНА ИНФОРМАЦИЯ ЗА УПРАВЛЕНИЕ НА КОНКУРЕНТОСПОСОБНОСТТА НА ПРЕДПРИЯТИЕТО
Р. Димитрова, В. Кюрова ....................677

ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ФИНАНСИСКАТА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА
Георгиева Свртинов Весна Богољуб, Темјановски Ристе ....................682

БИЗНЕС-КАРТА КАК ОДИН ИЗ ИНСТРУМЕНТОВ ПОВЫШЕНИЯ ИНВЕСТИЦИОННОЙ ПРИВЛЕКАТЕЛЬНОСТИ РЕГИОНА
Т.М. Кожевникова, А.В. Саяпин, В.Н. Рябых ....................686

СТОИМОСТНОЙ ПОДХОД К АНАЛИЗУ СЛИЯНИЙ И ПОГЛОЩЕНИЙ
В. Ю. Сутягин, Р.Ю. Черкашнев ....................692

ОСНОВНЫЕ КРИТЕРИИ И ПОКАЗАТЕЛИ ФИНАНСОВО-ЭКОНОМИЧЕСКОЙ УСТОЙЧИВОСТИ СЕЛЬСКОХОЗЯЙСТВЕННОЙ ОРГАНИЗАЦИИ
Т.М.Кожевникова, Я.Ю Радюкова ....................697

БАНКАРСКИТЕ РЕГУЛАТОРИ ВЕРСУС ИМПЛИКАЦИИТЕ ОД ФИНАНСИСКИТЕ ИНОВАЦИИ
Стевчо Димески ........................................................................................................................702

МЕЃУНАРОДНИОТ МАРКЕТИНГ И ИДНИНАТА
Борче Серафимовски ...............................................................................................................705

КАКО И ШТО ДА СЕ МЕРИ ВО ЕКОНОМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА?
Марјан Николов ......................................................................................................................712

ТРАНСФОРМАЦИЯ ПРЕДПРИНИМАТЕЛЬСКИХ РИСКОВ ТУРИСТИЧЕСКОГО БИЗНЕСА В УСЛОВИЯХ ГЛОБАЛИЗИРУЮЩЕГОСЯ МИРА
О.Ю. Тарасова ..........................................................................................................................716

РОССИЙСКАЯ ЭКОНОМИКА СЕГОДНЯ: НЕОБХОДИМОСТЬ МОДЕРНИЗАЦИИ
Мамонтов В.Д ..........................................................................................................................721

**М.М.Матлиевска**
Економски факултет, Универзитет Гоце Делчев-Штип, margarita.matlievska@ugd.edu.mk
**С.А. Џамтоска-Здравковска**
Правен факултет, Универзитет Гоце Делчев-Штип, suzana.dzamtoska@ugd.edu.mk

332.146.2

# УПРАВУВАЊЕ СО ДИМЕНЗИИТЕ НА ОДРЖЛИВОСТА КАКО ДЕТЕРМИНАНТИ НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ

## Вовед

Одржливиот развој е глобално прифатена филозофија на развојот и напредокот и ги сублимира духовните идеали на целото човештво во единствена логична целина. Филозофијата на економскиот раст сфатена како кумулирање на материјално богатство потклекна и ја изгуби битката пред етичкиот концепт на одржливоста на развојот. Како врвни вредности, одржливиот развој на прв план ги става еднаквоста, праведноста, етичноста и одговорноста кон сегашните и идните генерации.

Во денешен современ контекст, одржливоста всушност значи одржливост на човековото општество кое е потполно зависно и временски нераскинливо поврзано со природните системи. Во динамички систем како што е човековото општество, одржливоста е прашање на рамнотежа, баланс одржан низ времето и просторот. Одржливоста е динамична; таа е повеќе квалитет на движење отколку фиксна точка. Во практиката, можеби е подобро одржливоста да се дефинира како недостиг на сили кои се стремат да го нарушат балансот со тек на времето, бидејќи повеќе сили можат симултано да дејствуваат и да го нарушат еквилибриумот. Кога сите сили кои ја нарушуваат рамнотежата во системот се отстранети, тогаш може да се достигне одржливост (Dahl, A.L., 1995).

Во обидот да се дефинира одржливиот развој, во литературата постојат повеќе дефиниции, кои имаат заедничка карактеристика: сите тие наложуваат светот да се гледа како систем - систем кој го поврзува просторот и систем кој го поврзува времето.

Кога размислуваме за светот како систем во просторот, тогаш треба да се сфати дека загадувањето на воздухот во Северна Америка влијае врз квалитетот на воздухот во Европа, а пестицидите користени во Јужна Америка можат да му наштетат на рибниот фонд во Австралија.

Кога го гледаме светот како систем низ времето, тогаш сфаќаме дека одлуките кои ги носеле нашите предци за обработка на почвата влијаат врз начинот на кој ние ја обработуваме денес; и дека економските политики кои денес ги воведуваме ќе имаат свој импакт врз нашите деца.

Правецот на глобална одржливост треба да е вкоренет во препознавањето на јасната поврзаност на заштитата на животната средина и развојот (Матлиевска, М., 2011).

## Теории за димензиите на одржливоста

Во развојот, човекот има централна улога. Секако, постојат онолку потенцијални димензии на одржливоста колку што постојат димензии на секое човеково општество. Гледиштето на економистите за економската одржливост се сведува на одржување на средствата, на вредноста на капиталот и на продуктивноста преку инвестиции што, во најмала рака, е еднакво со амортизацијата. Но, за да се започне со одредување на она

што е фундаментално вклучено во развојот треба да ги одвоиме различните видови економска активност и богатството што тие го создаваат. Потребно е разграничување на она што може да се нарече вистински или "силен" развој споредено со едноставна економска активност или мерење на бруто националниот производ. Трансфери или ре-дистрибуција од една сметка на друга само по себе не е создавање на богатство. Одржувањето на капиталот исто така не е создавање на бруто богатство или вистински развој. Тоа е трчање во место. «Економијата нема ништо заедничко со сумата на потрошените пари, туку со мудроста употребена во нивното трошење"[1]. Затоа, може ли да се стави знак на еднаквост помеѓу економски растеж и развој? Секако дека економскиот растеж не означува и сеопфатен развој, туку само еден негов дел. Правото на развој е изедначено со принципот на праведност и таквото право е признато во Декларацијата на Обединетите нации за правото на развој, каде се вели дека "Правото на развој е неотуѓиво човеково право кое секој поединец и сите заедно доблесно ќе го уживаат, ќе придонесуваат и ќе уживаат економски, социјален, културен и политички развој, во кој сите човекови права и основни слободи ќе бидат остварени".[2] Очигледно, економското придвижување напред не е исто што и човеков напредок (Clapham, J., 1959), бидејќи економските показатели зборуваат дека ниедно стопанство не може да се смета за успешно доколку тој просперитет го остварува за сметка на идните генерации и го зголемува бројот на сиромашните во светот. Со право, 14-тиот Далај Лама[3] рекол: "Жителите на сиромашните земји страдаат поради претерувањето и неумереноста на богатите земји, како и поради загадувањето што го предизвикуваат нивните нечисти технологии. Ако не одбереме да го подобриме однесувањето кое ќе води кон почитување на туѓото право на среќа, нема долго да чекаме на воочување на штетните последици. Ова е една од причините за моето уверување дека културата на постојан пораст треба да се преиспита, бидејќи во фанатичната предаденост кон материјален развој, го занемаруваме влијанието врз пошироката општествена заедница". Неговите зборови најдобро се отсликани со следниов пример: Барем 50 % од вкупниот улов на риби во светот се користи за храна на свињите и кокошките во развиените земји. Доколку би се користела за исхрана на луѓето, оваа риба би ги обезбедила најпотребните протеини за децата во целиот свет по цена од само 8 американски долари годишно по дете. (Ward, B., Dubos, R., 1972).[4] Овој пример не е осамен; литературата изобилува со вакви фрапантни оценки. Тоа е и причината за гледиштето дека вистински развој е единствено кога е додадена нова вредност, преку иновација или креација, или кога квалитетот на живеењето е подобрен, или кога е произведена и одржана поголема бруто маса на добра и услуги (секако, откако трошоците на производството и амортизацијата се компензирани).

Бројни еколошки процеси се толку комплексни и толку малку разбрани, што понекогаш е многу тешко да се зборува за еколошка одржливост односно за

1 Henry Ford, достапно на http://www.freecoolarticles.com/quotes-economy.htm.

2 Член 1, став 1. Декларацијата за право на развој на Обединетите нации (Declaration on the Right to Development) е усвоена на 4 декември 1986, на 97-иот пленарен состанок на генералната асамблеа на Обединетите нации.

3 Далај Лама 14, политички лидер на Тибет и духовен водач на тибетанскиот народ. Добитник на Нобеловата Награда за мир во 1989.

4 Книгата "Земјата - нашата единствена планета, грижа и одржување на малите планети" претставува неофицијален извештај нарачан од Генералниот секретар на ОН за состојбата и заштита на животната средина, а за Конференцијата на ОН за човековата животна средина (UNCHE, Стокхолм, 1972). Извештајот е работен врз основа на прилогот на 152 консултанти од 58 земји. За него, Секретаријатот на Стокхолмската конференцијата изјави дека претставува контроверзен документ. Можеби причината за делумното оспорување на Извештајот може да се најде токму во оценките кои се наведуваат во него.

одржливост на екосистемите, природата, на животната средина, на ресурсите. Но, како и да е, секогаш треба да се има на ум дека "природните богатства се сиот наш капитал, а не наш приход." (Gruhl, H., 1975).

Иако досега многу се зборувало за човековиот развој, реално не е ниту допрено она што значи човекова одржливост, која не се сведува само на број на население. Човековата одржливост вклучува образовни и културни процеси што ја создаваат меморијата на човековото знаење и обезбедуваат негово пренесување од генерација на генерација. Знаењето во науката и технологијата може да биде зголемено, но други видови знаење или искуства можат да бидат изгубени. Човековата култура и знаењето се есенцијални, а сè уште остануваат како непроценета и неизмерена димензија на развојот, а со тоа и на одржливоста.

Овде спаѓа и димензијата која можеме да ја наречеме социјална одржливост, која е клучна за она што сакаме да го дефинираме како развој; на пример, каква е ефективноста на социјалните структури? Или пак, на процесот на донесување одлуки? Дали социјалната кохезија се зголемува или намалува?

Ова гледиште може да се прошири и на она што може да се нарече морална или етичка одржливост. Ефективното општество е зависно од споделените вредности или етичките принципи со кои се дефинира што е прифатливо однесување помеѓу индивидуите и кое ги мотивира луѓето да работат заедно во заеднички интерес. Ваквите вредности се основни правила за човековото дејствување и затоа се фундаментални како поддржувачи на развојот. Општество кое ги губи моралните норми изгледа материјално задоволено, но потоа ќе се сруши во анархија. Во теоријата, оваа димензија мора да биде вклучена во поширокиот концепт на одржливост на човековото општество.

Следно гледиште е дека одржливоста има две димензии (Decleris, M., 2000). Едната е еколошката димензија која ги вклучува поткомпонентите: биолошка, геолошка, физичка и хемиска, и која се одредува како еволутивна (не)рамнотежа. Втората димензија е економска/социјална. На ова место, социјалната се занемарува бидејќи во голема мера би ја отежнала анализата на одржливоста, а и поради фактот што таа е имплицирана во економската компонента. Експликацијата на овој став е од економски карактер[5]. Вака детерминирано, прашање кое се наметнува е: Како овие две димензии, еколошката и економската, да се усогласат во интегралниот концепт на развој?

Најверојатно, одговорот лежи во потребата од интеракција меѓу државата и пазарот која овозможува задоволување на човековите потреби без да ја загрозува животната средина и водејќи сметка за правото на идните генерации на живот во зачувана животната средина. Проблемите со заштита на животната средина се проблеми од екстерна природа кои ја оправдуваат интервенцијата на државата на пазарот на ресурси. Од овие причини, државата мора да инвестира во инфрастуктурата и да обезбеди здрава животна средина за населението. Пазарните механизми и интервенцијата на државата се комплементарни во смисол на обезбедување услови за развој. Ако му е овозможено на пазарот да се развива, економските ефекти ќе бидат позитивни. Ако механизмите на пазарот не ги даваат очекуваните резултати, преку интервенција на државата можат да се обезбедат слични ефекти. Но, само ако пазарот и државната политика чинат единствена интегрална целина, може да се очекува многу

5 Имено, реализацијата на економските цели овозможува реализација и на дополнителните социјални цели. Поинакво решение, кое имплицира примарно фокусирање врз социјалните цели би одело за сметка на економските, а со тоа реализацијата на првите би била доведена во прашање. Во економски смисла одржливоста има карактер на проблеми кои се решаваат со динамичка оптимизација.

позитивен ефект и забрзан и одржлив развој во согласност со принципите на заштита на животната средина. Новите достигнувања укажуваат дека е најдобро државата на оптимален начин да влијае врз стопанството[6]. Економската улога на државата не може да се сведе само на интервенција во ситуации кога пазарот не ги дава саканите ефекти[7]. Многу е поважна улогата на државата во воспоставувањето на ефикасен и рационален правен систем кој овозможува остварување на политиката за заштита на животната средина.

Сепак, развојот не е возможен единствено преку двојното единство држава - законодавство. Бидејќи е вклучена и културна промена, развојот бара и соработка на општеството и пазарот. Секако дека водечката улога ќе ја има државата и законодавството, односно "…власт која би ги штитела интересите на идните генерации. Механизмот на пазарот за тоа не е способен. Само јавната власт може да ја исполни таа задача доколку нејзините размислувања и делување доволно ја согледале иднината».[8] Самата идеја за развој, поточно за одржлив развој, како хумана, ветувачка, може да стане само илузија доколку не подлежи на критичка анализа и доколку не е пресликана во државните документи, во законодавството, доколку не се уреди цела низа на управувачки и други мерки за нејзино спроведување. На пример, преку вградување на систем за оценка на влијанието врз одржливоста (Sustainability Impact Assessment System), што претпоставува одржливоста да се направи интегрална компонента на процесот на развивање на политики. Овој систем може да се опише како систематски и итеративен процес кој го идентификува степенот до кој спроведувањето на политиката ќе ги постигне економските, социјалните и еколошките цели со кои може да се дефинира одржливиот развој (Matlievska, M., Denkova, J., 2012). Инаку, одржливиот развој нема да успее; и сега не е мал бројот на оние кои велат дека одржливиот развој е уште една утопија на човештвото (Decleris, M., 2000). Само под услов кога државата успева да ја оствари својата улога, таа може да претставува основен двигател за одржлив развој[9].

Политичките и личните слободи и права, наспроти мислењата во минатото, не се кочници на одржливиот развој туку се поттик за негово остварување. Политиката на одржливиот развој не ја запоставува потребата од започнување на развојни мерки веднаш, ниту претпоставува запирање на започнатите; таа означува почеток на нов општествен однос кон животната средина, просторот и природните ресурси, со полна свест за постоењето одговорност кон идните генерации, што го "…прави одржливиот развој тријумф на човековиот дух"[10].

Како и да е, одржливоста, како процес, е всушност систематичност и означува обновување на единството и кохезијата на светот и мора да ги вклучи нашите гледишта

6 На пример, дискриминаторското и неоправдано оданочување на земјоделството се претвори во директно оданочување на развојот. Контролата на претприемништвото и ограничувањето на конкуренцијата со директна или индиректна контрола на цените, по правило се покажа како контрапродуктивна политика.

7 Државата мора да интервенира тогаш кога ќе се покаже дека пазарот не може сам да ги разреши конфликтите. Такви ситуации најчесто се јавуваат во доменот на заштита на животната средина, образованието, инфраструктурните вложувања, на контрола на порастот на населението, на совладување на сиромаштијата итн.

8 Емил Хјум, 1972.

9 Државата и законот не би требало да ја пропуштат шансата да ја остварат својата многувековна мисија на чувари на општеството. Од своја страна пак, општеството мора да стане одржливо со преиспитување на своите основи.

10 Klaus Tepfer, извршен директор на United Nations Environment Programme (UNEP)), во своето обраќање на пленарната седница на Светскиот самит за одржлив развој (World Summit on Sustainable Development, WSSD, Јоханесбург, 2002). Авторот на овој труд беше член на македонската делегација на овој самит и присуствуваше на пленарната седница.

на светот, нашите политики и нашите активности. Затоа, доколку одржливоста е еквивалент на систематичноста, тогаш најопштите принципи на одржливиот развој се:

Свест за единството на светот.

Надмоќ на етичките и културните системи над другите човекови системи (особено над производниот систем). Најголемата одговорност за денешната еколошка криза лежи во неразумната амбиција на пазарот да биде водечки систем во општеството. Системски свет значи свет со коректна хиерархија во која поголемите системи логично се наоѓаат на повисоки позиции од оние кои, како помали, се нивни делови. Пазарот, дури и да се разгледува на глобално ниво, само е систем на активности кои се одвиваат во негови рамки и се предмет на контрола на поголеми системи, како што се етичкиот и културниот систем.

Управување на човекот со природата. Покомплексните системи се грижат за поедноставните, но грешката е во човекот кој арогантно се назначи себе си за апсолутен господар на природата. Да се управува значи да се обнови коректниот однос човек - природа, што целосно е во согласност со обновувањето на единството на светот.

Заклучни согледувања

Одржливоста на развојот има многу димензии: економска, “еколошка”, социјална, временска, морална, културна и др. Нивното усогласување во концептот на одржливиот развој претставува најголем предизвик на современиот свет. Кога борбата за надмоќ на секој од принципите се одвива на сметка на еден од нив, балансот како неопходна компонента за постигнување на одржливост на системот е многу тешко да се постигне. Човекот, природата, свеста, етиката, културата, идентитетот, сопственото поимање и поимањето на другиот – се елементите чие синхронизирано дејствување водат кон прогрес на човекот и општеството. Хуманоста и етичноста, нивното негување и надградување со здрава економска и финансиска стабилност, во хармонија со природните ресурси како универзална лулка во која опстојува човекот и општеството, се основните постулати за заедничко дејствување во насока на одржливост која не ја нарушува рамнотежата на системот. Затоа, суштината на концептот на одржливиот развој е интеграција на економскиот, социјалниот и културен развој усогласени со потребите за заштита на животната средина, што обезбедува подобрување на квалитетот на живеење, сега и во иднина. Принципот на интегралност при одржливиот развој е заснован врз принципите за свест за единството на светот, надмоќ на етичките и културните системи над останатите човекови системи и управување на човекот со природата.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Clapham, John., 1959: “A Concise Economic History of Britain from the Earliest Times to 1750”, публикувана постхумно во 1949 и ревидирана во 1959. Користено е џебно издание (1954) издадено од Cambridge University Press.
2. Dahl, Arthur., 1995: “Towards Indicators of Sustainability”, United Nations Environment Programme, Geneva, Switzerland. Paper presented at Scope Scientific Workshop on Indicators of Sustainable Development (Wuppertal, 15-17 November 1995). Достапно на http://www.un.org/earthwatch/about/docs/inddahl.htm.
3. Decleris, Michael., 2000: “The law of Sustainable Development, General Principles”. A Report produced by Former Vice President of Hellenic State Council for the European Commission), Environment Directorate-General, European Commission.

4. Gruhl, Herbert., 1975: "Једна планета је опљачкана", Просвета, Београд.
5. Матлиевска, Маргарита, 2011: "Одржлив развој – нова глобална парадигма", Скопје.
6. Matlievska M., Denkova, J., 2012: "Public Policies Management - Mission Impossible? The Case of the Republic of Macedonia", Third International Conference of the International Journal of Arts and Science (Harvard University campus, Cambridge, Massachusetts, USA, 27-31 May, 2012), Proceedings, Vol. 5, No. 2.
7. United Nations, A/RES/41/128, Declaration on the Right to Development,достапно на http://www.un.org/documents/ga/res/41/a41r128.htm.
8. Ward, Barbara., Dubos, René., 1972: "Only One Earth: The Care and Maintenance of a Small Planet", Earth (ISBN 039330129X).
9. http://www.freecoolarticles.com/quotes-economy.htm.